РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-836/1
24-02-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15 – та седница одржана на 21.02.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Предметот со бр. 09-2719/1 од 18.10.2024 година, оформен против лицето ----------, советник во Советот на општина ----------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот бр. 09-2719/1 од 18.10.2024 година е оформен по пријава од познат подносител, со наводи дека лицето ----------, советник во Советот на општина ---------- во исто време била и член на Здружението на пенионери на оптшина ----------. Имено, во пријавата подносителот посочува дека од страна на Советот на општина ---------- е донесена Одлука за финансиска подршка на Здружението на пензионери ---------- во вредност од 620.000,00 денари на седницата одржана на 8 октомври 2024 година, објавена со решение бр.17 од 2024 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Пријавителот смета дека оваа одлука е незаконски донесена и бара истата да биде поништена. Советникот ---------- постапила спротивно на Законот за спречување на корупција и судир на интереси согласно член 72, 73, 74 и 75 за којашто била должна да го пријави судирот на интереси и да се изземе од гласање. Советникот ---------- е членка на здружението на пензионери (за што и самата признала на седница на совет) и не смеела да гласа за ова здружување да добие пари од општината --------. Во општината постојат две здруженија а со оваа одлука се оштетува другото здружение. Членството во здружението е доброволно што значи советникот ---------- одбрала да биде член во здружението со што се исполнети условите за постоење на судир на интереси. Пријавителот посочува дека согласно овие причини бара под итно да биде поништена донесената одлука, да се вратат парите и советникот ---------- да одговара кривично правно. На седницата одржана на 8 октомври 2024 година, советникот ---------- јавно изјавила дека е членка на здружението и ги повикувала другите советници од Советот на општина ---------- да гласаат за одлуката да се даде 620.000,00 денари на здружението со изговор дека и таа гласала кога други советници имале деца во фудбалски клуб да им се даде пари. Градоначалникот на општина ---------- иако знаел дека постои судир на интереси кај советникот ---------- и е должен да се грижи за законитоста на работата на Советот и да спречи објавување на одлуката сепак ја објавил во Службениот гласник на општина ----------.

За да ја утврди фактичката состојба, ДКСК со допис се обрати до општина ---------- со барање за доставување на информации со кое бара да бидат доставени: Записник од одржаната седница на Советот на општина ---------- од 08.10.2024 година; листата на присутни членови на Совет на општина ---------- на седницата одржана на 08.10.2024 година; дали лицето ---------- - советник во Советот на општина ---------- ----присуствувала на истата седница и дали гласала / се изземала за точката во врска со Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина---------- во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година каде што истата е објавена со Решение на градоначалникот на општина ---------- ----- бр. 11-7175/5 од 09.10.2024 година во Службен гласник бр.17 на општина ----------. Понатаму ДКСК се обрати со допис и до Здружението на пензионери на ---------- од кое што бара да се достават податоци дали лицето ---------- е член на Здружението на пензионери ---------- или е во постапка за добивање членство.

До ДКСК доставено е Известување / препраќање од страна на Државниот инспекторат за локална самоуправа бр.09-2719/5 од 01.11.2024 година во кое што информиарат дека преку официјален маил на Државниот инспекторат за локална самоуправа е доставена Пријава за ----------, потпретседател на политичката партија ---------- со истите наводи изнесени во Пријавата доставена до ДКСК од иститот подносител.

Од страна на општина ---------- доставен е одговор до ДКСК бр.09-2719/6 од 11.11.2024 година, со кое што е доставена побараната документација. Од Евиденцискиот лист за присуство на членовите на Советот на седницата одржана на 08.10.2024 година видно е дека советникот ---------- присуствувала на истата. Во прилог на дописот доставен е и Предлог – записник од 53 редовна седница на Советот на општина ---------- одржана на 08.10.2024 година во кое предлог на дневен ред под точка 5 е ставена Предлог – Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина ---------- во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година во кое што спаѓа и точката за доделување на финансиска подршка на Здружението на пензионери ---------- во вредност од 620.000,00 денари. Дел од советниците не се согласуваат оваа точка да биде дел од оваа Програма и дека средствата не се за купување на деловен простор од 250 м2 туку финансиските средства се за плаќање на данокот, данокот изнесувал околу 30.000,00 евра а Здружението на пензионери ---------- бара да му се доделат 10.000,00 евра. Претседателот на Советот на седницата потенцира дека општината покривала неколку простории за пенионерите да имаат каде да се сретнуваат и доколку се изгласа оваа точка смета дека општината не треба повеќе да им покрива простории. Градоначалникот на општината ---------- кој бил присутен на истата седница земал збор со кој истакнал дека на територија на општина ---------- имало девет илјади пензионери и дека истите парите за купување на деловен простор ги собирале со децении и дека објект им бил потребен бидејќи во објектот кој што биле сеуште е од времен карактер и тој дел се денационализирал и кога тогаш ќе морале да се дислоцираат. Збор замала и советникот ---------- која спомнала дека по игра на случајност ненамерно имала привезок од пензионерското друштво ---------- и истата е член на здружението. По целата дискусија Претседателот на Советот го затворил претресот и ја ставил на гласање Предлог – Програмата. По спроведеното гласање 12 гласови биле ЗА, 3 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, со што усвоена е

предлог – програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина ---------- во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2024 година.

Од страна на Здружението на пензионери ---------- до ДКСК доставено е Известување бр.09-2179/7 од 20.11.2024 година, со кое известуваат дека во нивната евиденција на ажурирани членови во здружението од неговото основање до денот на поднесувањето на барањето од ДКСК , не постои упис на лицето ---------- од Скопје. Истите информираат дека секој член кој пристапува во нивното здружение потпишува пристапница – формулар во прилог доставува и чек од последниот месец издаден со датум во тековниот месец, слика за изготвување на членска картичка. Истите тврдат дека во нивната евиденција не постои никаква документација за зачленување на лицето ---------- и никогаш не била евидентирана како член на здружението.

ДКСК до Здружението за пензионери ---------- достави Дополнително барање за доставување на податоци и информации со кое го информираше Здружението дека до Државната комисија е доставено Барање за мислење за постоење на судир на интереси со бр. 09-2710/1 од 17.10.2024 од страна на лицето ----------, а во врска со членството во Здружението на пензионери ----------. Имено, лицето ---------- известува дека ја врши функцијата член во Советот на општина ---------- (мандат 2021-2025 година) и дека во моментот на поднесувањето на Барањето мислење е во постапка за зачленување во Здружението на пензионери ----------. Истата појаснува дека има пополнето и потпишано пристапница, доставен чек од пензија и лична фотографија, но се уште нема добиено документ со потврда дека е зачленета во здружението и нема добиено членска книшка.

Наведеното Барање за мислење беше доставено и на увид и запознавање, по што ДКСК побара повторно произнесување од Здружението на пензионери ---------- во врска со членството на лицето ----------, односно до каде е процесот на нејзиното зачленување во истото, со оглед на фактот дека лицето само се има произнесено на седница на Советот на општина ---------- дека е член на ова здружение.

Понатаму, до ДКСК беше доставен допис Известување од страна на Здружението на пензионери ----------, и истите се на став како од претходниот допис дека во

нивната евиденција на ажурирани членови од неговото основање до денот на поднесувањето на барањето и дополнителното барање од ДКСК, не постои упис на лицето ---------- од Скопје.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор